# КАКО ДА ПРИЈАВИТЕ РАСИЗАМ И ДИСКРИМИНАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО НА ВАШЕТО ДЕТЕ



Macedonian

**Вашето дете заслужува да биде почитувано, ценето и рамноправно третирано во училишните заедници.**

**Дискриминација или малтретирање врз основа на вера или раса не се толерираат.**

Ако сте родител или старател на дете кое доживеало или видело верска или расна дискриминација или малтретирање во неговото училиште, ве поттикнуваме да пријавите.

Училишниот персонал може да се погрижи да обезбеди да се преземат соодветни постапки и поддршка.

Формална жалба за инцидентот може да поднесете на училиштето или на регионална канцеларија.

За повеќе информации видете на:
Поднесување жалба или изразување загриженост за вашето училиште (education.vic.gov.au)

## ПРИЈАВЕТЕ ИНЦИДЕНТ НА ДЕЖУРНАТА ЛИНИЈА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА РАСИЗАМ (REPORT RACISM HOTLINE)

**Report Racism Hotline**

1800 722 476

report.racism@education.vic.gov.au

Дежурната линија е на располагање од 9 наутро до 5 попладне, понеделник до петок, освен на државни празници.

Ако ви е непријатно инцидентот да го пријавите на училиштето на вашето дете или не сте задоволни со одговорот од училиштето, може да стапите во контакт со Report Racism Hotline на министерството.

Кога ќе се јавите на дежурната линија, ќе можете:

- да разговарате за поднесување жалба
- да ги разгледате можните опции и што да правите натаму
- да добиете помош за стапување во контакт со регионални службеници и служби за поддршка.

## ТЕЛЕФОНСКО СОВЕТУВАЊЕ И ПОДДРШКА ПРЕКУ PARENTLINE

**Parentline**

13 22 89

www.parentline.vic.gov.au

Parentline е на располагање од 8 наутро до полноќ, седум дена во неделата, вклучително државните празници.

Исто така може да стапите во контакт со Parentline за да побарате советување и поддршка од квалификуван советник кој е независен од министерството.

Parentline е телефонска служба за анонимно советување во доверба за родители и негуватели на деца, од раѓање до возраст од 18 години.

Советници се исто така на располагање заради разговор за низа родителски прашања, вклучително дискриминација или малтретирање во училиште.

## КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

За натамошни информации за пријавување на верска или расна дискриминација и малтретирање во училиште видете:
Пријавување расизам или верска дискриминација во училишта (education.vic.gov.au)

За повеќе информации и материјали за реагирање на силеџиство, вклучително расистичко силеџиство, видете:
Bully Stoppers (education.vic.gov.au)

**Национална служба за преведување и толкување (TIS)**

Родителите или негувателите на кои им требаат преведувачки услуги може да се јават на министерството или на Parentline јавувајќи се на Националната служба за преведување и толкување (TIS) на 13 14 50.

THE EDUCATION STATE | VICTORIA State Government | Education and Training